# ЗЕЛС | ZELS

ГЛАСИЛО | NEWSLETTER

Јуни / June
2014

ГЛАСИЛО
ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

NEWSLETTER
ASSOCIATION OF THE UNITS OF LOCAL SELF - GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA



## ЗАКЛУЧОЦИ И ИНИЦИЈАТИВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС
## CONCLUSIONS AND INITIATIVES OF THE MANAGING BOARD OF ZELS



## ПОГОЛЕМИ МОЖНОСТИ ЗА ДИРЕКТЕН ПРИСТАП НА МАКЕДОНСКИТЕ ОПШТИНИ ВО ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ - АПЕЛ НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ
## GREATER POSSIBILITIES FOR MACEDONIAN MUNICIPALITIES TO DIRECTLY ACCESS EUROPEAN FUNDS - AN APPEAL TO LOCAL AUTHORITIES



Почитувани,

На почетокот на месец јуни, ЗЕЛС, со поддршка на Министерството за локална самоуправа, го организираше десеттиот состанок на Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Македонија и Комитетот на региони на Европската унија ( ЗКК), што се одржа во Скопје. Присутните делегати дискутираа на темите за улогата на локалните власти во активностите за пристапувањето на нашата земја во ЕУ , како и за обезбедување на поголеми можности за директен пристап на македонските општини во европските фондови. На овој состанок беше презентиран и првиот нацрт –извештај на ЗКК, идеја усвоена на претходниот состанок, одржан во Брисел.

Управниот одбор на ЗЕЛС ја одржа петта седница, на која беа покренати значајни иницијативи и беа донесени повеќе заклучоци. Состанокот започна со изнесување на предизвиците на локалните власти во реализацијата на активности поврзани со компанијата ЕВН Македонија. Беше изнесено дека е констатирано незадоволство кај граѓаните, на кои им е издадено решение за легализација на објект, кога при нивното барање за приклучување на електро - дистрибутивната мрежа, ЕВН кон поднесокот им бара да приложат и извод од урбанистичко – планска документација. УО го утврди 04 јули, 2014 година за датумот на одржување на третата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС а, претходно беше образложен и Финансискиот извештај на ЗЕЛС за 2013 година. Беа презентирани две анализи што го изготви стручната служба на ЗЕЛС: за пожарниките и за културните установи и усвоени меморандуми за соработка со полицискиот синдикат и со инспекцискиот совет.

Во јуни, ЗЕЛС организира свеченост за доделување на сертификати за форумски модератори, за нови 12 лица, кои минаа низ обуката и низ писмената и усна проверка на стекнатите знаења. Преку проектот „Сертификација на форумските модератори", ЗЕЛС во изминатите три години, посвети големо внимание на воведувањето на стандард во областа на модерирањето на новата форма на граѓанско учество во локалната власт . Вкупно се сертифицираа 27 лица, кои со стекнатите вештини треба да обезбедат квалитетен процес на спроведување на оваа новата алатка за граѓанско учество, што ја институционализираа 52 општини во земјава.

Во рамките на програмата „Сертификација на општини со поволно деловно опкружување во југоисточна Европа- БФЦ СЕЕ ", на 16 јуни, 2014 година, во просториите на ЗЕЛС Тренинг центарот, беше одржано тестирање на кандидатите за стекнување на сертификат за евалуатори на оваа Програма. Во текот на јуни, многу Мрежи од ЗЕЛС одржаа состаноци и обуки на кои се дискутираше за примената, но и за потребата од законски измени и дополнување во одредени области. Беа изнесени предлози за законски измени и дополнувања, на Законот за комунални такси, иницијатива за изменување и дополнување на Законот за јавни патишта. Беше организирано советување за имплементирање на Законот за финансиска дисциплина, како и советување со раководителите од урбанизам за измени во Законот за просторно и урбанистичко планирање. Мрежата за енергетска ефикасност дискутираше за обврските што ги имаат локалните власти во оваа област, а претставниците од Мрежата за животна средина, дискутираа за постапките за штетни емисии, како и за обврските за регионално управување со отпад и управување со отпад од електронска и електрична опрема. Мрежата на пожарникари, пак, започна нови активности, поврзани со преиспитување на начинот на распределбата на блок дотациите од Буџетот на Република Македонија наменети за противпожарна заштита што ја врши ТППЕ.

Со почит,

Душица Перишиќ
Извршен директор на ЗЕЛС



Dear readers,

In the beginning of June, supported by the Ministry of Local Self-Government, ZELS organized the 10th meeting of the Joint Consultative Committee between the Republic of Macedonia and the Committee of the Regions of the European Union (JCC), which was held in Skopje. Present delegates discussed topics about the role of local authorities in accession activities of our country to the EU, and greater possibilities for Macedonian municipalities to directly access EU funds. The first draft-report of JCC was also presented at this meeting, as being adopted at the previous meeting held in Brussels. The Managing Board of ZELS held its fifth session where crucial initiatives were raised and many conclusions were reached.

The meeting commenced by highlighting the challenges of local self-government units when conducting activities related to the company EVN Macedonia. Citizens, who had obtained a decision for legalization of buildings, were dissatisfied because EVN requires an urban planning documentation extract from them when they submit requests for joining the energy distribution network. The MB scheduled 4th of July 2014 for holding the third session of the General Assembly of ZELS, while the Financial Report of ZELS for 2013 was previously presented.

Two analyses drafted by the executive office of ZELS were also presented: for the firefighters and cultural institutions and adopted memoranda of cooperation with the police trade union and the inspection council. In June, ZELS organized formal ceremony for awarding the certificates to 12 new forum moderators, who passed the training and oral and written exams for testing their acquired knowledge.

In recent three years, via the Project "Certification of Forum Moderators", ZELS paid considerable attention to the introduction of standard in moderating this new form of civic participation within the local self-government. In total, 27 candidates were certified as they may provide qualitative implementation process of this new tool of civic participation, which is institutionalized by 52 municipalities in the country. Within the frames of the Programme "Business-Friendly Certification in South East Europe – BFC SEE" on 16th of June 2014 within the ZELS Training Centre premises the candidates, who obtained a certificate for evaluators of this Programme, were examined. In the course of June, many Networks of ZELS held meetings and trainings where the enforcement and the need of law amendments and supplements in certain areas were discussed.

Proposals were also outlined on law amendments and supplements to the Law on Utility Taxes, the initiative on amending and supplementing the Law on Public Roads. Counselings were also delivered for the implementation of the Law on Financial Discipline, and for the purpose of heads of urbanism departments on amendments to the Law on Spatial and Urban Planning.

The Network on Energy Efficiency discussed the obligations of local authorities in this field, while the representatives of the Network of Environment discussed the proceedings for harmful emissions and obligations for regional waste management and waste from electronic and electric equipment. The Network of Firefighters began new activities related to the examination of the method of allocating block endowments from the Budget of the Republic of Macedonia, intended for the firefighting protection executed by TFU.

Yours sincerely,

Dusica Perisic
Executive Director of ZELS


ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

тел. +389 (0) 2 30 99 033 / факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
contact@zels.org.mk, www.zels.org.mk

Извршен директор на ЗЕЛС - Душица Перишиќ
Заменик извршен директор на ЗЕЛС - Ардита Дема - Мехмети
Уреднички колегиум - Весна Арсовска - Динковска, Виктор Арнаудоски
Дизајн, подготовка за печатење и печатење - Европа 92
Лекторира - Момент мал; Превод - Арта Абази, Висар Полику и Валентина Трајко

ASSOCIATION OF THE UNITS OF LOCAL SELF-GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

tel. +389 (0) 2 30 99 033 / fax: +389 (0) 2 30 61 994
st. Kopenhagenska p. box, F. P. 32, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
contact@zels.org.mk, www.zels.org.mk

Executive Director of ZELS - Dusica Perisic
Deputy Executive Director - Ardita Dema - Mehmeti
Editorial Board - Vesna Arsovska - Dinkovska, Viktor Arnaudoski
Graphic design and Print - Evropa 92
Proofread by: Moment Mal; Translation - Arta Abazi, Visar Poliku and Valentina Trajko



*Одржан десеттиот состанок на ЗКК во Скопје*

# ПОГОЛЕМИ МОЖНОСТИ ЗА ДИРЕКТЕН ПРИСТАП НА МАКЕДОНСКИТЕ ОПШТИНИ ВО ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ – АПЕЛ НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ

*JCC's 10th Meeting in Skopje*

# GREATER POSSIBILITIES FOR MACEDONIAN MUNICIPALITIES TO DIRECTLY ACCESS EUROPEAN FUNDS – AN APPEAL TO LOCAL AUTHORITIES

-„Задоволен сум од работата на Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Македонија и Комитетот на региони на Европската унија (ЗКК) и од неговиот придонес за локалните власти, но сметам дека сите ќе бевме многу посреќни доколку успеавме во овој период да придонесеме нашата земја да го добие заслужениот статус за започнување на преговори за членство во Европската унија. Сепак, се надевам дека и натаму Комитетот на регионите ќе ни ја дава потребната поддршка и дека наскоро ќе успееме и тоа да го реализираме". Ова го истакна претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, на десеттата седница на ЗКК, што на 03 јуни 2014 година се одржа во Скопје, во хотелот „ Холидеј Ин". Трајановски изрази задоволство што по втор пат средбата се одржува во Скопје и во името на 81 единица на локална власт ги истакна активностите што ЗЕЛС и општините ги реализираат со цел развивање на процесот на децентрализација на власта во земјава. Го потенцира зајакнувањето на администрацијата во општините, улогата на ЗЕЛС тренинг центарот, активностите на мрежите при ЗЕЛС и поддршката во обезбедувањето на електронските услуги на општините наменети за граѓаните, преку воведувањето на голем број електронски алатки. Трајановски во однос на една од двете поставените теми на овој состанок - „Можностите и достапните инструментите на локалните власти за поддршка на процесот на пристапување - со фокус на прекуграничната соработка" - посочи дека на локалните власти им е потребана поголема отвореност на европските фондови за директен пристап на општините до нив, како и поинтензивна едукација на административните капацитети за нивно поефикасно искористување.

-"I am pleased from the work of the Joint Consultative Committee between the Republic of Macedonia and the Committee of the Regions of the European Union (JCC) and its contribution for national local authorities, yet I consider that we would have been happier if we succeeded to contribute for our country to acquire the status for initiating accession negotiations to the European Union. However, I hope that the Committee of the Regions will not cease to offer required support so that we will soon achieve that". This statement was given by the President of ZELS, Mr. Koce Trajanovski at JCC's 10th meeting on June 3rd 2014, held in Skopje at the hotel "Holiday Inn". Trajanovski voiced satisfaction that for the second time, the meeting takes place in Skopje and on the behalf of 81 local self-government units he emphasized the activities conducted by ZELS and municipalities striving to develop the decentralization process in the country. Meanwhile, he highlighted the strengthening of municipal administration, the role of the ZELS Training Centre, the activities of ZELS Networks and its support towards providing electronic services for municipalities, intended for the citizens, by introducing an immense number of electronic tools. With regards to one of two outlined topics at this meeting: "The possibilities and instruments available to local authorities for supporting the accession process – focus on cross border cooperation" Mr.Trajanovski emphasized that local authorities need further openness of European funds for municipalities, and more intensive education of administrative capacities for more efficient utilization.

JCC's 10th meeting in Skopje took place under the organization of ZELS, and supported by the Ministry of Lo-









Десеттиот состанок на ЗКК во Скопје, беше одржан во организација на ЗЕЛС, а со поддршка на Министерството за локална самоуправа. Министерот Тахир Хани пред присутните изнесе конкретни податоци за четирите Програми за прекугранична соработка, односно дека во периодот од 2007 година до сега, се реализирани 10 јавни повици за проекти за коишто се одобрени 55 милиони евра, од кои за македонската страна 27 милиони евра. –„Во рамките на Транснационалната програма се реализирани 4 јавни повици за коишто, од вкупно 70 милиони евра, за македонската страна беа одобрени 1 милион и осумстотини илјади евра." - рече Хани и додаде дека преку овие две програми се одобрени околу 150 проекти и засега се реализирани над 16 милиони евра. Тој говореше и за најновите активности за прекугранична соработка со Косово, како и за предизвиците во однос на реализација на проектите со Грција и со Бугарија, и преземените активности за нивно надминување.

Шефот на Делегацијата на ЕУ во нашата земја, амбасадорот Аиво Орав, потенцираше дека 70 проценти од европските закони се имплементираат на локално ниво, за што е потребна администрација со зајакнати капацитети. Вклучувањето на граѓаните, жените и младите во сите активности на локално ниво и натаму ќе биде поддржано од ЕУ, како важен сегмент од развивањето на демократските процеси на една земја. Тој рече дека ЕУ и понатаму ќе помага во развивањето на демократските реформи, како и во градењето на мостови на прекугранична соработка со соседите.

Градоначалникот на општина Боговиње, Хазби Идризи, потенцираше дека е потребно општините коишто конкурирале со проекти до европските фондови да бидат известени за прифаќањето на проектот или за причините за неговото неприфаќање. Примери и можности за меѓугранична соработка на општините со проекти и со идеи на полето на малите и средните претпријатија, изнесе градоначалникот на општина Крива Паланка, Арсенчо Алексовски, а градоначалникот на

cal Self-Government. Minister Tahir Hani pinpointed some concrete data about the four cross-border cooperation programmes before the participants.

Since 2007 till now, 10 public calls for projects were realized as a result of which € 55 million were approved, 27 million of which were intended for the Macedonian side. -"Within the frames of the Transnational Programme, 4 public calls were realized, out of € 70 million, € 1.800.000 were approved for the Macedonian side" said Mr. Hani thereby adding that through these two programs approximately 150 projects have been approved, amounting to above € 16 million. He also talked about initial cross-border cooperation with Kosovo, challenges when delivering projects with Greece and Bulgaria, and undertaken activities for their overcoming.

The Head of EU Delegation to Macedonia, Ambassador Aivo Orav accentuated that 70 percents of European laws are enacted at local level, which requires administration with strengthened capacities. The inclusion of citizens, women and the young in all activities on local level will not cease to be supported by the EU, as a crucial section in developing democratic processes of one country. He said that the EU will continue to support democratic reforms, and build bridges of cross-border cooperation with the neighbours.

The Mayor of the Municipality of Bogovinje, Hazbi Idrizi highlighted the need for municipalities, which have competed for projects to European funds, of prompt notifications about their projects or reasons for their disapproval. Examples and possibilities for cross-border cooperation among municipalities with projects and ideas in the field of small and medium-sized enterprises were outlined by the Mayor of the Municipality of Kriva Palanka, Arsenco Aleksovski. The Mayor of the Municipality of Saraj, Bekim Murati talked about the role of local authorities in the ac-









општина Сарај, Беким Мурати, говореше за улогата на локалните власти во процесот на пристапување на нашата земја во Европската Унија.

Ко–претседавачот на ЗКК, од страна на Република Македонија, Ивица Коневски, градоначалник на општина Аеродром, посочи дека е обесхрабрувачки што, и покрај залагањата на нашата земја, на локалните власти и на граѓаните, Република Македонија сè уште не доби датум за започнување на преговори за влез во ЕУ и во континуитет е упатувана да реши билатерален спор, кој воопшто не е предизвикан од наша страна. Тој изрази надеж дека евроскептицизмот нема да ги зафати и нашите граѓани од предолгото чекање пред европските порти. Коневски се заблагодари за поддршката на ко-претседавачот Жак Бланк за лобирањето во Комитетот на регионите, за иницијативата за приклучување на нашата земја во Стратегијата за 2014 -20120 година, за приклучување во Јадранско- јонскиот макро регион и за транснационалата програма на Европската унија. Територијалното организирање и соработка, за коишто се залага Комитетот на региони и Унијата, континуирано се потенцираат и од нашата земја. Особено тоа е изразено и преку проектите за прекугранична соработка, но се наидува на предизвици за што беше побарана поддршка за „откочување на користењето на овие средства, од проектите што се реализираат со јужниот сосед."

При воведното обраќање на Жак Бланк, ко-претседавач на ЗКК од страна на Комитетот на регионите од ЕУ, беше нагласена потребата од преземање конкретни чекори за промовирање на дијалогот и соработката помеѓу локалните и регионалните власти, како начин за нивно ангажирање во патот на Република Македонија кон пристапување во ЕУ. „За овој процес веројатно е потребно повеќе време, кое е обесхрабрувачки, меѓутоа е единствен начин кој обезбедува успешно проширување" - рече Бланк. Во текот на состанокот, членовите на ЗКК исто така дискутираа за состојбата на процесот на пристапување и вклучувањето на локалните власти. Презентирајќи го

cession process of our country to the European Union.

JCC's co-Chairperson from the Republic of Macedonia, Ivica Konevski, Mayor of the Municipality of Aerodrom highlighted that is discouraging that despite the commitments of our country, of local authorities and citizens, the Republic of Macedonia has not still been given the date for starting the accession negotiations to the EU, and is continually addressed to solve the bilateral dispute, which is absolutely not caused by our side. He hopes that Euro-skepticism won't influence our citizens, who have been waiting in front of European doors for a long time.

Konevski is grateful for the support by Co-Chairperson Jacques Blanc for his lobbying in the Committee of the Regions, regarding the initiative to include our country in the Strategy 2014-2020 for Adriatic-Ionian Macro-Region and the Transnational Programme of the European Union. In the meantime, territorial arrangement and cooperation are vital for the Committee of the Regions and the European Union, simultaneously being accentuated from our country. This is particularly expressed via projects for cross-border cooperation, though challenges arise and support is demanded in terms of the "deblocking in utilizing funds via projects implemented with the southern neighbor".

In his welcome speech, Jacques Blanc, the JCC's Co-Chairperson from the Committee of the Regions of the EU, accent was placed on the need to undertake concrete steps for promoting the dialogue and cooperation between local and regional authorities, as a way to engage them on the path of the Republic of Macedonia to EU accession. "The process may need a long time which can be discouraging, but it is the only way to ensure a successful enlargement" added Blanc. During this meeting, the JCC members also discussed the standing of the accession process and the inclusion of local authorities. Presenting the last opinion of

### ЗА ЗКК

Заедничкиот консултативен комитет помеѓу Комитетот на региони на ЕУ и Република Македонија се воспостави во март 2008 година, со стремеж да ги следи внатрешните реформи на земјата и да го промовира политичкиот дијалог со претставниците на локалните и регионалните власти. ЗКК брои 11 членови од ЕУ и 11 членови од земјата партнер и нивни заменици. Состаноците на ЗКК им овозможуваат на членовите од двете страни да научат повеќе за нивните политички приоритети и да ги разменат нивните гледишта за општата ситуација на локалните и регионалните власти во земјата партнер. Тие особено им нудат можност да ја искажат нивната потенцијална загриженост за пропустите при подготвувањето за членство и процесот на децентрализација во земјата партнер.

последното мислење на Комитетот на региони за стратегијата на проширување, кое беше усвоено во април, Жак Бланк изрази жалење бидејќи Советот уште еднаш ја одложи одлуката за отворање на пристапните преговори со Република Македонија. Тој потенцираше дека успешното проширување мора да биде засновано на демократски структури, на владеењето на правото, на почитувањето на фундаменталните права и на автономијата на локалните власти во поглед на вештините и ресурсите. Локалните и регионалните власти треба ги поттикнат нивните граѓани да учествуваат во дебатата и тие се одговорни за воспоставување на јасна комуникација помеѓу земјите-членки, институциите и граѓаните. Тој го потенцираше големото значење на активностите на ЗЕЛС во зајакнувањето на локалната власт, обуката на администрацијата и особено во поддршката на електронските услуги.

Јасна Габриќ, заменик градоначалник на Трбовље, (Словенија) член на КнР и Ѓоко Стрезовски, градоначалник на Ресен, ко-известувачи на ЗКК, го презентираа нацрт - извештајот



каде се поставени можностите и достапните инструменти за локалните власти, со цел да придонесат за процесот на пристапување. „Територијалната прекугранична соработка е една од достапните алатки за локалните и регионалните власти која може да го поддржи процесот на пристапување. Со заедничка работа преку конкретни проекти можеме да ги надминеме постојните препреки на државно ниво" -нагласи Јасна Габриќ. Извештајот воедно апелира до Советот да го земе предвид вклучувањето на Република Македонија во стратегијата за Јадранско-Јонскиот макро регион, заедно со сите земји на проширување од Балканот. Стрезовски укажа дека ова е прв извештај произведен од ЗКК, како идеја и како заклучок, произлезен од последниот состанокот во декември 2013 година, одржан во Брисел. –„Тогаш, прекуграничната соработка беше

### FOR JCC

The Joint Consultative Committee between the Committee of the Regions of EU and the Republic of Macedonia was founded in March 2008 striving to monitor internal reforms in the country and to promote political dialogue with representatives of local and regional authorities. The JCC has 11 members from the EU and 11 from the partner country and their substitutes. The JCC meetings enable the members from both sides to learn about each other's political priorities and exchange views on the general situation of the local and regional authorities in the partner country. In particular, they provide the opportunity to express possible concerns about shortcomings in the preparation of the accession and the process of decentralization in the partner country.

the Committee of the Regions on the Enlargement Strategy, adopted in April, Jacques Blanc regretted the fact that the Council had once again postponed the decision on the opening accession negotiations with the Republic of Macedonia. He stressed out that successful enlargement must be based on democratic structures, the rule of law, respect for fundamental rights and the autonomy of local authorities both in terms of skills and resources. Local and regional authorities must encourage their citizens to participate in the debate and are responsible for ensuring clear communication between Member States, institutions and citizens. He also paid attention to the great significance of the activities of ZELS on fostering local self-government capacities, the trainings it delivers and its electronic services.

Jasna Gabric, Deputy-Mayor of Trbovlje (Slovenia) member of CoR and Gjoko Strezovski, Mayor of Resen, both co-Reporters of JCC, presented the draft – report where are set out the possibilities and instruments available to local



authorities that can help the accession process. "Cross border territorial cooperation is one of the tools available to local and regional authorities that can support accession. By working together on concrete projects, obstacles can be overcome that may exist at national level", Jasna Gabric pointed out. The report also calls on the Council to consider including the Republic of Macedonia in the Strategy for the Adriatic-Ionian macro region, together with all the enlargement countries in the Balkans.

Strezovski stated that this is the first report provided by JCC, as a concept and conclusion reached at the penultimate meeting in December 2013, in Brussels. -"Then, cross-border cooperation was clearly identified as one of available tools to local and regional authorities, which may

јасно препознаена како една од алатките достапни за локалните и регионални власти, која може и го поддржува процесот на пристапување" - истакна Стрезовски, кој го образложи целиот извештај концимиран во седум под -теми.

Хесус Гамаљо Аљер го презентираше Европското групирање за територијална соработка како извонредна алатка која би ја олеснувала прекуграничната соработка. Тој изнесе добри практики од општините од северна Португалија со општините во Галиција (Шпанија), а претставникот од Делегацијата на Европската унија, Мартин Клауке говореше за програмите за финансирање на ЕУ кои се достапни за нашата земја, како и за ИПА 2. Министерството за локална самоуправа на Република Македонија за делегатите од ЗКК организираше посета на Музејот на македонската борба за државност и самостојност.

### ЗА КОМИТЕТОТ НА РЕГИОНИТЕ

Комитетот на регионите го претставува Европското собрание на локалните и регионалните претставници од сите 28 земји членки. Неговата мисија е да ги вклучи локалните и регионалните власти и заедниците кои ги претставуваат во процесот на ЕУ за донесување одлуки и да ги информираат за политиките на ЕУ. Европската комисија, Европскиот парламент и Совет се должни да го консултираат Комитетот во областа на политиките кои влијаат врз регионот и градовите. Истовремено, може да се апелира до Судот на правдата на ЕУ доколку неговите права се прекршени или доколку смета дека законите на ЕУ го прекршуваат принципот на супсидијарност или не ги почитува регионалните или локалните власти.

## ДИСКУСИЈА ЗА ОБВРСКИТЕ ЗА РЕГИОНАЛНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ОД ЕЛЕКТРОНСКА И ЕЛЕКТРИЧНА ОПРЕМА

Членовите на Мрежата за животна средина на ЗЕЛС, на 10 јуни, 2014 година, имаа можност во тек на еднодневната обука одржана во ЗЕЛС тренинг центарот- ЗТЦ да се запознаат со директните обврски на општините во спроведувањето на законските регулативи за регионално управување со отпад и за упрвување со отпад од електронска и електрична опрема. Во законите што ја регулираат оваа материја се внесени новини во третманот на различниот вид отпад, односно првиот ја воведува регионалната димензија во управувањето со отпадот, а вториот регулира посебен вид комунален отпад од електрична и електронска опрема, чие депонирање и складирање е прецизно определено.

Општините пројавија посебен интерес за дискусија за подготвувањето на годишните планови за управување со отпад, за што од Министрството за животна средина и просторно планирање им беше посочено дека плановите треба да бидат базирани на реални показатели и потреби во општината. Веродостојните информации, како што беше истакнато, се и основа за евентуална одлука на регионалните тела за управување со отпад, оваа дејност да ја отстапат на концесионер или за нејзиното извршување да склучат јавно-приватно партнерство. На обуката беше претставена и Методологијата за утврдување на цена за собирање,

support the accession process" highlighted Strezovski, who explained the whole report that was divided in seven subtopics.

Jesus Gamallo Aller presented the European Grouping for Territorial Cooperation as an excellent tool for facilitating cross border cooperation. He outlined good municipal practices from northern Portugal with municipalities in Galicia (Spain), while the EU Delegation's representative, Martin Klaucke discussed EU financing programs available for our country, including IPA II.

The Ministry of Local Self-Government of the Republic of Macedonia organized a visit to the Museum of Macedonian Struggle for Sovereignty and Independence for the JCC delegates.

### FOR THE COMMITTEE OF THE REGIONS

The Committee of the Regions is the EU's Assembly of Regional and Local Representatives from all 28 Member-States. Its mission is to involve regional and local authorities and the communities they represent in the EU decision-making process and inform them about EU policies. The European Commission, the European Parliament and the Council are obliged to consult the Committee in policy areas affecting regions and cities. It can appeal to the EU Court of Justice if its rights are infringed or it believes that an EU law infringes the subsidiarity principle or fails to respect regional or local powers.

## DISCUSSION ABOUT OBLIGATIONS FOR REGIONAL WASTE MANAGEMENT AND MANAGEMENT OF ELECTRIC AND ELECTRONIC EQUIPMENT

The Members of the Network of Environment of ZELS on 10th of June 2014 at the one-day training delivered within the ZELS Training Centre –ZTC had the opportunity to get acquainted with direct obligations of municipalities in terms of implementing legal regulations for regional waste management and management of electric and electronic equipment. Laws which arrange this substance entail some recent modifications concerning the treatment of a distinct waste type, i.e. the first one introduces the regional dimension in waste management, while the second regulates a particular kind of communal waste from electric and electronic equipment, whose disposal and storage is precisely determined. Municipalities showed considerable interest for preparing annual plans for waste management, whereby the Ministry of Environment and Physical Planning had notified that such plans should be based on real indicators and needs of municipalities.

Reliable pieces of information, as was highlighted, are the basis for potential decisions of regional organs for waste management, and this task should either be assigned to a concessionaire or a public-private partnership should be signed for its completion. The methodology for determining the waste collection, transportation and removal prices was also pre-



транспортирање и отстранување на отпад, како добра практика што ја применува „Комунална хигиена“, Скопје.

Законот за управување со отпад од електрична и електорнска опрема ги регулира барањата поставени кон правните и физички лица кои произведуваат и пуштаат на пазарот електрична и електронска опрема и кои постапуваат со отпадната електрична и електронска опрема, натаму го пропишува ограничувањето на употребата на одредени опасни супстанции во производството на електрична и електронска опрема, начинот на собирање, третман, преработка и отстранување на отпадната електрична и електронска опрема. Притоа, беше истакната и можноста што се отвора за соработка на општината со локалниот бизнис сектор при искористувањето на отпадот од електрична и електронска опрема.

Предавачи на обуката беа претставници на Министерството за животна средина и просторно планирње на Република Македонија, Управата за животна средина при МЖСПП и ЈКП „Комунална хигиена“, Скопје.

## СВЕЧЕНО ДОДЕЛЕНИ СЕРТИФИКАТИ ЗА ФОРУМСКИ МОДЕРАТОРИ

-„Преку проектот „Сертификација на форумските модератори“, ЗЕЛС во изминативе три години посвети големо внимание на воведувањето на стандард во областа на модерирањето на новата форма на граѓанско учество во локалната власт. Минатата година, со сертификат се стекнаа 15 модератори, а денес ќе доделиме нови 12 сертификати, на лицата кои минаа низ обуката и низ писмената и усна проверка на стекнатите знаења. Тоа се вкупно 27 обучени лица, од чии вештини и квалитет зависи успешноста на целиот процес на спроведување на оваа нова алатка за граѓанско учество во општините“. Ова го истакна Коце Трајановски, претседател на ЗЕЛС, на свеченото доделување на сертификатите за форумски модератори, што ЗЕЛС го организираше на 5 јуни, 2014 година, во хотелот „Холидеј ин“, во Скопје. На свеченоста присуствуваа градоначалници, советници, претставници од општинска администрација и од граѓанските организациите кои ги имплементираат форумите во општините во нашата земја.

Честитки на новите модератори им упати и амбасадорот на Швајцарија во Република Македонија, Н.Е. Стефано Лазарото. –„Форумите се алатка, која ќе придонесе да се подобри животот на граѓаните, преку нивно понепосредно учество во креирањето на сопствените потреби. Форумите во заед-



sented at this training, since being a good practice applied by the Public Enterprise “Communal Hygiene”, Skopje. The Law on Management of Waste Electric and Electronic Equipment regulates submitted requests to legal and natural persons who produce and release electric and electronic equipment on the market and cope with such sort of waste equipment. Then, this Law also restricts the use of certain hazardous substances in the production of electric and electronic equipment, decides upon the way of its collection, its treatment, processing and removal of electric and electronic equipment.

Meanwhile, the possibility to open cooperation between the municipality and the local business sector was also accentuated with regards to the utilization of waste electric and electronic equipment. Lecturers at this training were representatives from within the Ministry of Environment and Physical Planning of the Republic of Macedonia, the Environment Administration within the same Ministry and P.E. “Communal Hygiene”, Skopje.

## CEREMONIAL CERTIFICATE AWARD FOR THE FORUM MODERATORS

-“Through the Project “Certification of Forum Moderators” in recent three years, ZELS paid considerable attention to the introduction of a standard in moderating a new form of civic participation within the local self-government. Last year, 15 moderators were certified, while today we will award 12 new certificates to those who attended the trainings and passed both the oral and written exam, which evaluated their knowledge. “It’s about 27 trained entities, whose skills and quality depend from successful implementation of the overall process of this new tool for civic participation in municipalities” stated Koce Trajanovski, the President of ZELS at the award ceremony of certificates for forum moderators, under the organization of ZELS on June 5th 2014 at the hotel “Holiday Inn” in Skopje. The ceremony was attended by mayors, advisors, representatives of municipal administration and civic organizations which implement these forums within municipalities in our country.

Congratulations to the new moderators were also addressed by the Ambassador of Switzerland in the Republic of Macedonia, H.E. Stefano Lazzarotto. -“These forums are a tool that will contribute to the improvement of the life of citizens by their direct involvement in the creation of personal

ницата претставуваат инструмент за дискусија на граѓаните за буџетот на општината, за соработката меѓу општините, за прашања кои ќе придонесат за подобар квалитет на животот и придонесуваат за подигнување на демократијата во земјава", рече амбасадорот Лазарото. Амбасадорот Стефано Лазарото изрази уверување дека ЗЕЛС и во иднина ќе обезбеди начини за оддрживост на форумите во заедницата и ќе ги мотивира локалните власти и понатаму да го применуваат овој вид на граѓанско учество, кој се надева дека ќе стане неминовна практика на секоја локална власт. Тој го изрази задоволство од соработката со ЗЕЛС, како стратешки партнер и со сите единици на локалната власт, каде се реализираа форумите на заедницата, како и до петте организации кои го имплементираа проектот. Им честиташе и на новите 12 модератори, чија улога е да го зголемат квалитетот на спроведувањето на форумите. Исто така, амбасадорот Лазарото, во делот на доброто раководење, најави поддршка преку нова програма, поврзана со децентрализацијата, која ќе биде посветена на општинските совети кои се важната врска меѓу локалната власт и граѓаните.

needs. The Community Forums serve as an instrument for discussion among citizens concerning the municipal budget, inter-municipal cooperation, and issues that will enhance life quality. It also raises democracy in the country" said Ambassador Lazzarotto. The Ambassador Stefano Lazzarotto is convinced that in the future ZELS will not cease to provide methods for delivery of Community Forums and will encourage local authorities to further implement this form of civic participation, which he believes will become an inevitable practice of each local self-government unit. He voiced satisfaction from the cooperation with ZELS, as a strategic partner, including all local self-government units, where Community Forums were conducted, as well as five organizations that implemented the project. He also congratulated to 12 new moderators, whose role is to raise quality when delivering these forums. Also, the Ambassador Lazzarotto announced support in the section of good governance through a new Programme related to decentralization, and intended for municipality councils that are deemed a crucial role between the local self-government and the citizens.















По врачувањето на сертификатите, од страна на претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски и амбасадорот на Швајцарија, Н.Е. Стефано Лазарото, за стекнатите искуства од целата програма на Сертификација на форуми во заедницата говореа и модераторите кои се стекнаа со сертификат. Весна Шкартова истакна дека нејзиното досегашно практично искуство во водењето на форумските сесии преку процесот на обуките за сертифицирање е надополнето со сите потребни знаења за максимално успешно спроведување на оваа форма на граѓанско учество во локалната власт. –„ Целата програма и самиот модел на партиципација во демократските процеси од страна на граѓаните доаѓа од земја, која е позната со најголемото практикување на граѓанско вклучување во донесувањето на значајни одлуки за државата (најголем број на спроведени референдуми има во Швајцарија). Секој поединец има право да го изнесе своето мислење и својот став, особено кога станува збор за креирањето на неговата иднина и креирањето на услови за живеење. Форумите тоа најдобро го овозможуваат", рече Шкортова. Дека целокупниот процес на стекнување со сертификатот беше комплексен и сеопфатен потврди и Љуљзим Хазири. Ѓорѓи Велковски, пак, изнесе дека можеби целиот овој процес на водење на форуми во заедницата изгледа погломазен и подолготраен, но резултатите кои ги дава ја отсликуваат вистинската демократија, а тоа е- во донесувањето на одлуките да бидат вклучени токму оние, на кои тие одлуки се однесуваат.

Листата на сертифицирани модератори, со биографии и контакти ќе биде поставена на веб страницата на ЗЕЛС www.forumski-moderatori.mk, од каде општините ќе може да избираат сертифицирани модератори, при спроведувањето на „ форуми во заедницата". Досега општините се обраќаат до ЗЕЛС за користењето на досегашните 15 сертифицирани модератори, а со новите 12 модератори, листата и изборот се зголеми на вкупно 27 добро обучени лица за водење на форумите. Во вкупно 52 општини во нашата земја, општинските совети изгласаа статутарни измени за примена на оваа нова форма на граѓанско учество, а се очекува прифаќање и од останатите општини.

## ПРЕДЛОЗИ ЗА ДОПРЕЦИЗИРАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ

На петти јуни, 2014 година, во административната зграда на ЗЕЛС, состанок одржаа членовите на Работната група, формирана за изготвување на предлози за изменување и дополнување на законите кои ја регулираат проблематиката на даночните инспектори и инспекторите за наплата на комунални и други такси. Оваа работна група беше формирана на претходниот состанок, одржан во мај, на Мрежата на даночни инспектори и инспектори за наплата на комунални и други такси, кога беше изнесена иницијатива да се пристапи кон изнесување на предлози за допрецизирање на законската регулатива која ја опфаќа нивната област на работење.Членовите на Работната група, по уводните разговори одлучија најпрво да го разгледаат Законот за комунални такси (Службен весник на РМ бр. 61/04, 64/05, 92/07 и 123/12) поради потенцираната потреба од навремени измени и дополнувања на овој закон со оглед на утврдените новини кои предвидуваат институциите да користат нов софтвер за имплементација на законот. Беше потенцирано дека измените

Once the certificates were handed by the President of ZELS, Koce Trajanovski and the Ambassador of Switzerland, H.E. Stefano Lazzarotto, the floor was given to the certified moderators who talked about their gained experience during the overall Certification Programme of Community Forums. Vesna Skartova highlighted that her practical experience so far in delivering forum sessions through the training certification process was supplemented by required knowledge for successful implementation of this form of civic participation in local self-government. -"The whole Programme and the very model of participation in democratic processes by citizens comes from a country that is well-known for its greatest civic inclusion in decision-making processes (Switzerland has enacted the most immense number of referenda). Any individual is entitled to express his opinion or position, especially when it comes to the creation of his future and the creation of living conditions. Forums enable that in the best way", said Skortova. Lulzim Haziri also confirmed that the overall process of obtaining the certificate was complex and comprehensive. Gjorgji Velkovski highlighted that perhaps the whole process of delivering the Community Forums seems to be large and long, but the results it achieves actually portray real democracy, i.e. the decision-making process should precisely entail those to whom such decisions refer.

The list of certified moderators, with CVs and contacts will be uploaded on the website of ZELS: www.forumski-moderatori.mk where municipalities may select certified moderators when delivering the "Community Forums". Up to present, municipalities addressed ZELS in order to engage one of 15 certified moderators, while now the list is expanded by 12 new moderators, making a total of 27 well-trained persons for organizing these forums. In 52 municipalities in our country, the municipality councils approved statutory amendments for utilizing this new form of civic participation, and remaining municipalities are expected to approve it, too.

## PROPOSALS FOR SPECIFYING THE LAW ON UTILITY TAXES

On 5th of June 2014 within the administrative building of ZELS took place a meeting by the members of the working group set up for preparation of proposals on amending and supplementing laws that regulate issues of tax inspectors and inspectors for utility tax collection and other taxes. This working group was created at a previous meeting, held in May, by the Network of Tax Inspectors and Inspectors for Utility Tax Collection and other taxes, when was outlined an initiative to address proposals on specifying the legislation that covers their scope of operation. The working group members, following their introductory speeches, initially decided upon revision of the Law on Utility Taxes (Official Gazette of RM, No. 61/04, 64/05, 92/07 and 123/12) resulting from the need of prompt amendments and supplements to this Law taking into account some modifications envisioned by institutions on using a new software for implementation of this law. It was pointed out that amendments and supple-





и дополнувањата е потребно да бидат направени во делот на утврдувањето на видовите на комунални такси, односно беше предложено да се направи дополнување со нови неспоменати видови на комунални такси во Законот. Беа предложени измени и во делот на процедурите за утврдување на постапките за прибирање на одредени видови на комунални такси и присилната наплата, во делот на роковите на застереност, доставата на решенијата, како и нови дополнувања во делот на прекршочните одредби и тарифникот за наплата на комуналните такси. На состанокот, Работната група утврди дека Законот за комуналните такси е многу ограничен и непрецизен во одредбите за користење на музика во јавен локал. Ова решение е потребно да се надополни и со прецизирање во користењето на музика во јавен локал, како и користењето на музика на јавно место. Потоа беше иницирано да се утврди јасна дефиниција што претставува „јавен локал“ согласно со овој закон, а што ќе претставува „јавно место“ согласно со истиот, а што „јавен простор“. Исто така, присутните предложија да се утврди конкретна постапка за вршење на контролата на такса за престој во објекти во сопственост на физички лица, кои немаат соодветна евиденција од страна на инспекторите. Поради низа ситуации со кои се среќаваат инспекторите на терен, беше предложено воведување на комунална такса за отпад при јавни манифестации, како и утврдување на такса за поставување на брендирана урбана опрема на јавно место и такса за користење на приколки и влекачи. Беше предложено контрола на осигурителните компании, во делот на уплатата на придонесот за противпожарна заштита по број на регистрирани возила (да се уплаќа на 3 месеци, а во однос на рокот на застареност на комуналните такси, рокот од предвидените 2 години да се зголеми на 5 години, соодветно на утврдената застареност кај даноците на имот. Исто така, беше иницирано постапката за присилна наплата на комуналната такса да се регулира согласно со Законот за општа управна постапка, како и да се утврди можност ако инспекторот при вршењето на надзорот утврди дека е сторен прекршок, да му предложи на сторителот на прекршокот постапка на порамнување, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, согласно со одредбите од Законот за прекршоците. Беше прдложено поедноставување на постапката за евидентирање и регистрирање на новоформирани субјекти, обврзници на комунални такси, како и предвидување на прекршочни одредби за обврзниците за наплата на комунална такса, како за правни така и за физички лица.

Во рамките на програмата „Сертификација на општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа-БФЦ СЕЕ “, на 16 јуни, 2014 година, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, беше одржано тестирање на кандидатите за стекнување на сертификат за евалуатори на оваа програма. Испитот беше организиран од Националното сертификационо тело, акредитирано за Програмата БФЦ СЕЕ, на територијата на Република Македонија, составено од две партнер – организации, ЗЕЛС и Сојузот на стопански комори на Македонија (ССК), како дел од Регионалната мрежа за поволно деловно опкружување, што ја сочинуваат и националните сертификациони партнери од Хрватска, од Србија, Федерацијата на Босна и Херцеговина и Република Српска. Испитните прашања ги утврди Регионалниот технички секретаријат на БФЦ СЕЕ.

Тестирањето на дванаесетте кандидати траеше во временски интервал од два часа и триесет минути и опфаќаше проверување на стекнатите познавања за суштината на програмата и за начинот на оценување на доказите на општината, за исполнетоста на 12 стандарди и на нивните поткритериуми. Кандидатите, исто така, требаше да објаснат како ќе оценат конкретни, специфични ситуации, со кои може да се соочат при евалуацијата на одредена општина и притоа, да објаснат зошто така постапиле. Сертифицираните евалуатори ќе бидат ангажирани во спроведување на евалуациониот процес во општините што ќе се пријават за стекнување на Сертификат БФЦ СЕЕ.

Сертифицираните евалуатори треба уште повеќе да го подигнат нивото на стандардизираност на Програма БФЦ СЕЕ и да придонесат за обезбедување на еднаков квалитет на услугите и информациите што им го нудат општините на стопанствениците и на потенцијалните инвеститори. На овој начин, ќе се обезбеди и повисоко ниво во остварување на целите на програмата, а тоа е јакнењето на капацитетите на ЕЛС за привлекување на инвестиции и поддршка на локалниот бизнис, обезбедување на стабилно и мерливо опкружување, активен придонес во создавањето на добра репутација на регионот, подигање на свеста на стопанствениците за можностите и потенцијалите кои им ги нудат ЕЛС, а пред сè да се обезбеди зајакнување на партнерскиот однос на локалната власт со бизнис заедницата.

# EXAMINATION OF EVALUATORS FOR OBTAINING THE CERTIFICATE FOR THE BFC SEE PROGRAMME

Within the frames of BFC SEE Programme – Certification of Municipalities with Favourable Business Environment, on 16th of June 2014 within the ZELS Training Centre premises in Skopje took place the examination of candidates for obtaining the certificate of evaluators of this Programme. The exam was organized by the National Certification Body, accredited for the BFC SEE Programme in the territory of the Republic of Macedonia, composed by two partner-organizations: ZELS and the Macedonian Chambers of Commerce, as part of the Regional Network for Favorable Business Environment, which is also comprised by national certification partners from Croatia, Serbia, the Federation of Bosnia and Herzegovina and the Republic of Srpska. The exam questions were selected by the Regional Technical Secretariat of BFC SEE.

The examination of 12 candidates lasted for 2 hours and 30 minutes, thereby covering assessment of acquired knowledge concerning the essence of this Programme and the evaluation method on the evidence of municipalities referring to the fulfillment of 12 standards and their sub-criteria. A few certified evaluators will be hired to deliver evaluation processes within those municipalities that would apply to take part in this Programme.

The candidates also had to explain how could they assess concrete and specific situations which should be solved during the evaluation of a certain municipality, and then substantiate why they have acted that way. Certified evaluators will be hired for conducting the evaluation process of municipalities that will apply for obtaining the BFC SEE Certificate. Moreover, these evaluators should further raise the standard level of the BFC SEE Programme and contribute to provide equal service quality and information offered by municipalities to businessmen and potential investors.

This way, higher level of realization of Programme objectives will be enabled, especially referring to the ULSGs capacity strengthening for attracting investments and supporting the local business, the ensuring of a viable and measurable environment, active input in creating good regional reputation, the raise of awareness level among businessmen pertaining to the possibilities and potentials offered by ULSGs, and above all in fostering partnership relations between the local self-government and the business community.



# ОПШТИНА СТРУМИЦА СО ЗНАЧАЈНИ ПРИДОБИВКИ ОД СЕРТИФИКАЦИЈАТА БФЦ СЕЕ

Проектот „Сертификација на општини со поволно бизнис опкружување во Југоисточна Европа (БФЦ СЕЕ)" & помогна на општина Струмица во олеснување на процесот за привлекување на инвеститори и служи како водич во надградување на постојните услуги, како кон инвеститорите така и кон граѓаните. Со стекнувањето со ваков сертификат уште повеќе се отвори патот кон интернационална промоција на општината, која чекори во трендот на европски развиените градови на Балканот и во Европа. Успеавме заеднички, петочлениот тим од општината, непосредно вклучен во проектот, сите вработени, заедно со партнерите да ја постигнеме целта поради која и пристапивме кон сертификацијата: да обезбедиме привлекување на странски инвестиции, да се промовираме на адекватен начин, да воведеме стандардизирани постапки во процесот на обезбедување на економски развој, да утврдиме конкретен водич за општината за овозможување на пристап до сите потребни информации, услуги, инфраструктура и воспоставување на максимално ефикасна, транспарентна и конкурентна општина. Овој сертификат е потврда и печат за квалитетот на локалната администрација која е посветена долгорочно на напредок, економски и регионален развој на општината и поширока промоција. Како добра практика, произлезе и новиот „Водич за инвеститори" со модерен графички дизајн, кој е сублимат од општите карактеристики на Општина Струмица, демографија, географија и клима, инфраструктура, гасификација, образование, телекомуникации и други сервиси, заштита на животна средина, нејзината стратешка локација за развивање на нови бизниси со соседните ЕУ земји членки, детални податоци за тоа колку индустриски зони има општината и со која површина се истите, нивната намена и постојната инфраструктура и ефикасноста на локалната администрација. Зајакнат е Системот 48 за пријавување на комунални проблеми, едношалтерскиот систем и листата на инвеститори кои веќе инвестирале во општината. Имаме остварено повеќе средби со потенцијални инвеститори од Холандија, Турција, Германија и други а, дел од нив веќе купија земјиште и се подготвуваат за градба на објекти. Нашата општина има реализирано низа успешни проекти, за чијашто реализација се користени голем дел од сопствени средства од општинскиот буџет, како што е проектот на Гасификација на Општина Струмица (прва гасифицирана општина во Македонија по принципот на витуелен гас). Општина Струмица е лидер во искористување на ЕУ фондовите (над 15 милиони евра), а има реализирано и други бројни проекти, при што црпени се значајни искуства стекнати низ процесот на сертифицирање за БФЦ СЕЕ сертификатот.

**Софче Иванова**
*Соработник во Одделението за ЛЕР, општина Струмица*



# THE MUNICIPALITY OF STRUMICA WITH CRUCIAL BENEFITS FROM BFC SEE CERTIFICATION

The Project "Business-Friendly Certification South-East Europe (BFC SEE)" assisted the Municipality of Strumica in facilitating the process of attracting investors and serves as a guide to upgrade existing services both towards investors and citizens. This certificate broadens the horizons to international promotion of a municipality which keeps up with the trend of developed cities in the Balkans and Europe. We jointly succeeded, as a five-member municipal team, to be directly included in the project together with partners so as to achieve the goal we set for the certification: to ensure attraction of foreign investments, to be promoted appropriately, to introduce standardized proceedings in the process of providing economic development, to define a concrete guide for the municipality to access all required information, services, infrastructure and establishment of ultimately efficient, transparent and competitive municipality. This Certificate is a confirmation and seal of quality of the local administration which strives for long-term progress of economic and regional angle of the municipality itself and its wider promotion. The new "Guide for Investors" stemmed as a good practice with modern graphic design, which summarizes general characteristics of the Municipality of Strumica, the demography, geography and climate, the infrastructure, gasification, education, telecommunications and other services, the environmental protection, its strategic location for developing new businesses with neighboring EU Member-State, exact number of industrial zones within municipal regions and the area they cover, their purpose and existing infrastructure and the efficiency of local administration. System 48 for reporting communal issues, the one-stop-shop system and the list of investors who have invested in the municipality have been fostered. We have held many meetings with potential investors from the Netherlands, Turkey, Germany and other countries, while part of them already purchased a land and are preparing to construct buildings. Our municipality has implemented a series of prolific projects, whose realization covered personal funds from the municipal budget; such is the Gasification Project of the Municipality of Strumica (the first Macedonian municipality which introduced gasification system by the principle of virtual gas). The Municipality of Strumica is the leader in utilization of EU Funds (above € 15 million), has implemented numerous projects and gained vital experiences during the BFC SEE Certification Process.

**Sofce Ivanova**
*Associate at the LED Department, the Municipality of Strumica*

# ПОКРЕНАТИ АКТИВНОСТИ ЗА ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА НАЧИНОТ НА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОТАЦИИТЕ ЗА ТППЕ

Мрежата на територијалните противпожарни единици при ЗЕЛС, на 09 јуни 2014 година, одржа состанок во просториите на ЗЕЛС. На барање на оваа Мрежа беше покренато прашањето за разрешување на одредени финансиски предизвици со кои се соочуваат општините по добивањето на надлежноста за противпожарна заштита и преземањето на територијалните противпожарни единици (ТППЕ). Владата на РМ, во мај, ја разгледа информацијата за преиспитување на начинот на распределбата на блок дотациите од Буџетот на Република Македонија наменети за противпожарна заштита што ја врша ТППЕ и го задолжи Министерството за локална самоуправа да формира работна група. Во оваа работната група, од ЗЕЛС се номиниран и тројца претставници: Станко Колески, Тони Бошковски и Николче Златески. Во работната група членуваат и претставници од: МЛС, од Министерството за внатрешни работи, од Министерството за финансии, од Дирекцијата за заштита и спасување и од Противпожарниот сојуз на Македонија. Присутните членови на Мрежата на овој состанок истакнаа дека нивните претставници ќе дадат голем придонес во активностите на ова тело бидејќи најдобро ги познаваат актуелните состојби и се најзасегнати за нивно адекватно разрешување, особено што се насочени кон обезбедување на соодветни изворни приходи за ЕЛС коишто треба да обезбедат квалитетно извршување на оваа префрлена надлежност на локалната власт. Мрежата посочи дека е потребно да се изврши анализа на постојната состојба со бројот на пожарникари во ТППЕ во земјава, особено да се утврди бројот на лица заминати во пензија или чиј работен однос престанал по друг основ и да се спореди со законски утврдениот стандард за минималниот број на пожарникари по број на жители (еден пожарникар на 1.500 жители). ЗЕЛС изготви ваква анализа којашто беше презентирана пред членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС на петтиот состанок, при што се задолжи стручната служба на ЗЕЛС да иницира соработка со Министерството за финансии за надминување на финансискиот вакуум кон општините настанат по овој основ. Присутните претставници на Мрежата предложија на следниот состанок детално да се дискутира за резултатите и организацијата на првиот ревијален натпревар за спасување и извлекување жртви во тешки сообраќајни несреќи одржан во мај оваа година.

# INITIATION OF ACTIVITIES FOR RE-EXAMINATION OF THE MANNER OF ALLOCATING ENDOWMENTS FOR TFU

The Network of Territorial Firefighting Units of ZELS held a meeting on 9th of June 2014 within the ZELS premises. Upon the request of this Network was raised the issue of solving certain financial challenges that the municipalities encounter after being assigned the firefighting protection competence and the acquisition of territorial firefighting units (TFU). The Government of RM reviewed the information of re-examination of the way of allocating block grants from the Budget of the Republic of Macedonia, intended for firefighting protection that is made by TFU. Also, the Ministry of Local Self-Government was obliged to set up a working group. There are three representatives from ZELS who were nominated in this group: Stanco Koleski, Toni Boskovski and Nikolce Zlateski. The working group is also comprised of representatives from: the Ministry of Local Self-Government, the Ministry of the Interior, the Ministry of Finances, the Protection and Rescue Directorate and the Macedonian Firefighting Union. The Network Members, who attended this meeting, highlighted that their representatives will greatly contribute to this body's activities since they have excellent knowledge of current issues and are mostly concerted about their proper solution, especially dedicated to provide appropriate incomes for ULSGs that should ensure qualitative execution of this conveyed competence to the local self-government. The Network pointed out the need to conduct an analysis on the number of firefighters in TFUs in the country, to specify the number of people who have retired or whose labour relationship has terminated pursuant to other grounds and may be compared according to legally stipulated standard of minimal number of firefighters per number of citizens (one firefighter in each 1500 citizens). ZELS prepared such an analysis, which was presented before the Members of the Managing Board Members of ZELS at its fifth meeting. The professional service of ZELS got obliged to initiate cooperation with the Ministry of Finances to overcome the financial vacuum to municipalities, hereby induced. The Network representatives, who were present, proposed thorough discussion at the following meeting in terms of the results and the organization of the first national competition of rescue and extrication of victims from heavy car accidents held in May 2014.



# БРОЈНИ ЗАБЕЛЕШКИ ЗА ЗАКОНСКИТЕ ОДРЕДБИ ЗА ФИНАНСИСКА ДИСЦИПЛИНА ПОВРЗАНИ СО ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ





Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија- ЗЕЛС, на 11 јуни 2014, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, на барање на општините, организира две сесии на обука за примена на новиот Закон за финансиска дисциплина. На обуката присуствуваа 65 претставници од општините, раководители на сектори и одделенија за финансиско работење во единиците на локалната самоуправа, членови на мрежата на финансиски работници во ЗЕЛС. Присутните имаа можност да ги изнесат забелешките во однос на имплементирањето на овој Закон пред претставникот од Министерството за финансии, Јане Севдински, советник во министерството, кој на претставниците на локалната власт концизно им ги образложуваше законските одредби.

Претставникот на МФ истакна дека потребата од донесување на Законот произлегува од примената на препораките и директивите на ЕУ и усогласувањето со европското законодавство. Тој најпрво се осврна на општите одредби од Законот кој го уредува навременото исполнување на паричните обврски кои произлегуваат од реализацијата на деловните трансакции меѓу економските оператори од приватниот сектор, односно меѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор. Потоа, ги образложи прашањата за практичната примена на Законот за финансиска дисциплина, кои се однесуваат на:роковите на плаќање на паричните трансакции;исполнувањето на обврските меѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор;надзор над примената на Законот за субјектите од јавниот сектор;премолчено продолжување на рокот за плаќање од законски предвидениот рок;рокови кај повеќегодишните договори; третман на деловните трансакции кои настанале пред донесување на Законот;прекршочни и казнени постапки.

# NUMEROUS REMARKS ON LEGAL PROVISIONS FOR FINANCIAL DISCIPLINE RELATED TO THE LOCAL SELF-GOVERNMENT





The Association of the Units of Local Self-Government of the Republic of Macedonia – ZELS, upon the request of municipalities, delivered two training sessions for the new Law on Financial Discipline on 11th of June 2014 within the ZELS Training Centre premises. This training was attended by 65 municipal representatives, heads of departments for financial operations within local self-government units and members of the Network of Financial Professionals of ZELS. The participants had the opportunity to highlight their remarks referring to the enforcement of this Law before the representative of the Ministry of Finances, Mr. Jane Sevdinski, Advisor in the Ministry who precisely explained the legal provisions to the local self-government representatives.

The representative from the Ministry of Finances pointed out that the need to adopt this Law derives from applying the EU recommendations and directives, as well as our alignment with the European legislation. He initially accentuated general provisions of this Law, which arranges prompt fulfillment of monetary obligations stemming from the conduction of business transactions between economic operators from the private sector, i.e. between subjects from the public sector and economic operators from the private sector. Then, he further explained queries concerning practical implementation of the Law on Financial Discipline referring to the following points: Payment deadlines of monetary transactions; Execution of obligations between subjects from the public sector and economic operators from the private sector; Monitoring on the enforcement of this Law in subjects from private sector; Tacit prolongation of the payment deadline of legally envisioned deadline; Deadlines of year-long contracts; Treatment of business transactions that have arisen prior to the adoption

Во обемната дискусија, која беше карактеристична за двете сесии на работилницата, присутните финансиски работници дадоа низа забелешки на Законот, кои се однесуваат на работењето на единиците на локалната самоуправа, како посебни субјекти од јавниот сектор. Забелешките се однесуваа на неприменливоста на процедурите и роковите во рамките на трезорската сметка и трезорското работење на општините со пропишаните одредби во Законот, што беше прифатено од претставникот од министерството, потоа неусогласеноста на овој Закон со одредбите од Законот за јавни набавки, за што исто така беше посочено дека веќе е закажана средба на Министерството за финансии со претставници од Бирото за јавни набавки. Од страна на претставниците на општините особено беше истакнат проблемот со примената на предметниот Закон во работењето на училиштата, градинките, домовите за стари лица и објекти од културата кои се финансираат со блок дотации, заради неможноста да се примени Законот. Исто така, се истакна и проблемот со блокираните сметки на повеќе општини, потоа прашањето за плаќање на средствата кои општините ги имаат во делот за експропријација, прашања во врска со групните јавни набавки кои ги спроведуваат општините. Претставниците на општините потенцираа дека особен проблем ќе претставуваат старите долгови, кои не подлежат на одредбите на овој Закон, а кои не ќе можат да се платат заради почитување на роковите за плаќање на новите обврски. Претставниците од локалната власт ја изнесоа иницијативата за потреба од измени и дополнување на Законот. Сите конкретни предлозиопштините ќе ги достават до ЗЕЛС, а потоа сублимирани ќе бидат упатени до Министерството за финансии.

## СОВЕТУВАЊЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

На 13 јуни 2014 година, во ЗЕЛС тренинг центарот беше одржано советување за раководителите на сектор или одделение во ЕЛС, задолжени за прашања од областа на урбанистичкото планирање, со претставници од Министерството за транспорт и врски. Советувањето беше одржано на тема „ Предлози за подобрување на постојниот Закон за просторно и урбанистичко планирање“ со цел да се развие дискусија и да се изнесат сите предизвици со кои се соочуваат локалните власти при имплементацијата на законските одредби. На советувањето претставниците од МТВ ги нотираа изнесените забелешки и предлози за законски измени и истите подетално ќе ги разгледаат и инкорпорираат по предлогот за изменување и дополнување на постојниот Закон за просторно и урбанистичко планирање, кој потоа повторно ќе биде доставен на мислење до ЗЕЛС .

Претставниците од општините изнесоа низа предлози кои одеа во правец на донесување на поповолни постапки кои треба да овозможат поквалитетни услуги за граѓаните. Беше посочено дека е потребно да се размислува за воведување на неколку видови на урбанистички планови, односно планови за села и планови за градови и да се размисли да се скрати процедурата за донесување

of this Law; Misdemeanor and criminal procedures.

Through a long discussion, characteristic for both sessions of this workshop, present financial professionals pointed out a series of remarks on the Law pertaining to operations of local self-government units, as separate subjects from the public sector. These remarks primarily referred to the conduction of procedures and deadlines within the frames of the treasury account and treasury operations of municipalities with stipulated Law provisions, which was accepted by the representative of the Ministry, then the non-alignment of this Law with provisions of the Law on Public Procurements, for which meeting was scheduled between the Ministry of Finances and representatives from the Public Procurement Bureau. The municipal representatives, on their part, paid particular attention to the issue of applying the aforementioned Law in operations within schools, kindergartens, homes for the elderly and homes of culture, as they are funded by block endowments because here the enforcement of this Law is infeasible. Also, accent was placed on blocked accounts of many municipalities, including the payment of funds that municipalities possess in the section of expropriation, issues related to group public procurements being performed by municipalities. Municipal representatives particularly emphasized that old debts cause a problem, since they are not entailed in any provision of this Law, and will not be paid due to the observance of payment deadlines of new liabilities. Local self-government representatives raised the initiative that all amendments and supplements to this Law. The municipalities will submit all concrete proposals to ZELS, and then in their summarized version will be delivered to the Ministry of Finances.

## COUNSELING ON IMPROVING THE LAW ON SPATIAL AND URBAN PLANNING

On 13th of June 2014 within the ZELS Training Centre was delivered a counseling for the Heads of Departments in ULSGs, in charge of urban planning affairs, with representatives from the Ministry of Transport and Communications (MTC). The Counseling’s topic was: “Proposals for improving the existing Law on Spatial and Urban Planning” with aim to develop a discussion and outline all the challenges that local authorities encounter during the implementation of law provisions. At this meeting, the representatives from MTC emphasized their remarks and proposals on law amendments and the same will be thoroughly considered and incorporated after the proposal of amending and supplementing the existing Law on Spatial and Urban Planning, which will afterwards be submitted for opinion to ZELS. The municipal representatives highlighted a series of proposals referring to the introduction of more favorable proceedings that should enable more qualitative services for the citizens.

There is also need to think of introducing several types of urban plans, i.e. urban plans for villages and plans for cities; to consider shortened proceedings for adopting planning documentation for rural areas. It was proposed to exclude urban plans for villages and for unpopulated areas,










на планската документација за руралните средини. Беше предложено да се изземат урбанистички план за село и урбанистички план за вон населено место и да има за нив посебни одредби кои ќе овозможат поголема флексибилност во планирањето. Да не се пропишуваат површини за градба, катастарската парцела да премине во градежна, при што може да има спојување на повеќе катастарски парцели во една градежна, но не и на една катастарска парцела да има повеќе градежни парцели. План за вон населено место да се работи само за индустриски зона. За постојните градби, за кои со новите ДУП- ови не се предвидува развој, да се овозможи реконструкција, адаптација и пренамена во рамките на габаритот. За градските четврти да не се спроведува стратегиска оцена и да не се бара мислење од животна средина, бидејќи тоа веќе го има Генералниот урбанистички план. Предлози имаше и околу постапките за јавна расправа, а беше предложено на овие расправи да доаѓа и претставник од МТВ со цел непосредно да се запознае со состојбите и со издавањето на согласноста за планот, за тој да биде поцелисходен и да се донесе во пократок рок. Да се прецизираат надлежностите на Град Скопје и МТВ бидејќи доаѓа до контрадикторности по забелешките за планските решенија. Да се прецизира рокот за кој, по барањето за согласност за усогласеност на урбанистичките планови, треба да одговори Агенцијата за катастар на недвижности. Да се усогласат постапките со Закон за земјоделско земјиште и да се скратат определени процедури, особено оние за пренамена на земјоделско земјиште, кога Министерството за земјоделие ги препраќа до Влада на РМ. Претставниците од општините изнесоа и низа други забелешки, па се очекува наскоро МТВ да ја достави до ЗЕЛС на мислење, нацрт верзијата на предлог за изменување и дополнување на Законот просторно и урбанистичко планирање.

so as to insert particular provisions that would enable further flexibility in the planning process. There should be no arrangement of construction areas allowing the cadastral parcel to become a construction land parcel. However, the merging of many cadastral parcels in a single construction land parcel is allowed. But on the other hand, it is prohibited for a single cadastral parcel to contain many construction land parcels. A plan for unpopulated area should be drafted solely for industrial zones. Concerning existing constructions, for which new Detailed Urban Plans (DUP) do not envision development, may apply reconstruction, adaptation and change of use within the frames of the bulk. When it comes to the city quarters, no strategic evaluation should be made and no opinion of environmental angle should be requested because the same is not part of the General Urban Plan. Proposals were also raised in terms of proceedings for a public dispute, and were proposed that such disputes be attended by a representative from MTC in order to let him/her get acquainted with the situation and the issuance of consent for the plan, so that it is comprehensive and brought in a shorter deadline. The competences of the City of Skopje and MTC should be specified because contradictions arise pursuant to remarks on planning decisions. The deadline should also be specified, which pursuant to the consent request for alignment of urban plans should correspond to the Real Estate Agency. The proceedings should be harmonized with the Law on Agricultural Land, certain procedures should be shortened, especially those for change of use of agricultural land, when the Ministry of Agriculture forwards them to the Government of RM. The representatives of municipalities highlighted a series of other remarks, and they soon expect that MTC will submit to ZELS the draft-version of the proposal of amending and supplementing the Law on Spatial and Urban Planning, for opinion.

# ЗГОЛЕМЕНИ ОБВРСКИТЕ ЗА ОПШТИНИТЕ ВО ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ

Мрежата за енергетика и енергетска ефикасност при ЗЕЛС, на 18 јуни, 2014 година, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот одржа седница на која присутните дискутираа за новите правилници донесени во согласност со Законот за енергетика. Станува збор за Правилникот за енергетски карактеристики на згради и Правилникот за енергетски контроли кои им беа образложени на членовите на Мрежата од страна на директорот на Агенцијата за енергетика, Александар Дуровски. Директорот Дуровски потенцираше дека оваа институција е отворена за соработка со општините бидејќи токму тие се најнепосредните придонесувачи за имплементација на законската регулатива која има за цел обезбедување на заштеда на енергијата и заштита на животната средина. Беше истакнато дека сите општини задолжително треба да ја исполнат законската обврска за изработка на тригодишна Програма за енергетска ефикасност, како и годишна програма со конкретни проекти и мерки и дека, за сите дилеми со кои се соочуваат општините во оваа област, може да се консултираат со вработените во Агенцијата. Беше потенцирано дека општините имаат обврска да вршат мониторинг на потрошувачката на енергија, за секој јавен објект, за која цел се врши и надградување на постојниот софтвер ExCite. Беше истакнато дека е потребно да се изврши контрола на сите јавни објекти за добивање на енергетски пасош со кој ќе биде утврден степенот на енергетска ефикасност на секој од нив. Тоа всушност подразбира одвојување на дополнителни средства од буџетот на општината бидејќи постапката треба да биде реализирана од страна на лиценцирани лица или компании. Во согласност со законските одредби, за пресметка на објектите за енергетската ефикасност, утврдено е највисоката цена за 1 м2 да изнесува 30,00 односно 50,00 денари, каде се утврдуваат и препораки за подобрување на постојната состојба. Присутните беа запознаени дека се подготвуваат законски обврски за изработка на енергетски елаборат за секој нов објект кој ќе се приложува при добивањето на дозволата за градба. Општините се одговорни за издавање на дозволите за градба што значи дека ќе имаат и обврска за прегледување на ваквите приложени елаборати.



Членовите на Мрежата истакнаа дека ги поддржуваат последните законски обврски бидејќи истите ќе придонесат да се зголеми енергетската ефикасност на државно ниво, но притоа истакнаа дека е потребно со секоја доверена надлежност на локалната власт да се обезбедат и соодветни финансиски средства за општината за нивна реализација. Од Агенцијата информираа дека се планираат активности со кои ќе се овозможи поддршка за подобрување на енергетската ефикасност во јавните објекти, каде предност ќе имаат училиштата, градинките, болниците. Присутните ја посочија потребата за Фонд за енергетска ефикасност каде општините ќе можат да аплицираат со проекти, а потоа земените средствата да ги враќаат по обезбедувањето на заштедата што ќе се обезбеди од преземените мерки за енергетска ефикасност. Се дискутираше за дилемата во однос на тоа дали, доколку општината од редот на своите вработени има лиценцирано лице, тоа лице ќе може објективно да ја врши проценета на јавните објекти во неговата општина и нема да има пристрасен пристап. Беше посочена и дилемата дека за општината да може да врши контрола на доставените елаборати за енергетска ефикасност, на истата & се потребни лица кои ќе поседуваат лиценца, односно ќе имаат адекватна стручна подготовка. Оваа дискусија заврши со заклучок дека секоја општина во својата систематизација треба да има адекватно лице или лица за вршење на овие активности и дека тие треба да се лиценцираат за енер-

# INCREASED OBLIGATIONS FOR MUNICIPALITIES IN ENERGY EFFICIENCY

The Network of Energy and Energy Efficiency of ZELS on 18th of June 2014 within the ZELS Training Centre premises held a session where the participants discussed new rulebooks adopted in conformity with the Law on Energy. It's about the Rulebook on Energy Characteristics of Buildings and the Rulebook on Energy Monitoring that were explained to the Network Members by the Director of the Agency for Energy, Aleksandar Durovski. Director Durovski pointed out that this institution is open for cooperation with municipalities since they are most direct contributors for implementing this legal regulation which touches upon energy saving and environmental protection. It was highlighted that all municipalities are obliged to meet this legal obligation on drafting a 3-year Energy Efficiency Programme and an Annual Programme with concrete projects and measures. Moreover, they may consult the Agency staff about all dilemmas they encounter in this field. Meanwhile, the municipalities hold the responsibility to exercise monitoring on energy consumption for each public facility, for which the existing software ExCite will be upgraded. There is a need to control all public facilities for obtaining an energy passport, which will define the energy efficiency level of each. In actuality, it implies additional funds from the municipal budget since the procedure should be conducted by licensed entities or companies. In line with legal provisions for energy efficiency calculation of buildings, the highest determined price per 1 m2 is 30 denars i.e. 50 denars where recommendations have been laid down for improving the current situation.

The participants got notified that legal obligations are being drafted for preparing energy elaborates for each building, and the same will be attached when obtaining the building permit. The municipalities are responsible for issuing building permits, which implies that it is their responsibility to consider such elaborates which are attached.

The Network Members highlighted their support for recent legal obligations since the same will contribute to increase energy efficiency at national level. Additionally, they emphasized that by each entrusted competency to the local self-government, proper financial funds should be provided so as the municipality realizes them. The Agency informed that activities are being planned so as to support the enhancement of energy efficiency in public facilities, where priority is given to schools, kindergartens and hospitals. The participants also outlined the need for an Energy Efficiency Fund where municipalities may apply with projects, while taken funds may be returned once savings is ensured via undertaken measures for energy efficiency. The discussion also opened the dilemma if the municipality owns a licensed entity, from the row of its employees, who may objectively perform the assessment of public facilities in his/her municipality and avoid biased approach. Another dilemma which was pointed out is the possibility for the municipality to examine submitted elaborates for energy efficiency. Also, there is a need for people who own a license and proper professional skillfulness. This discussion ended up with the conclusion that each municipality should have proper entity or entities, in its systematization, who would conduct these activities and who possess a license of

гетски контролори бидејќи само така општината ќе биде адекватно подготвена за спроведување на овие, веќе утврдени законски обврски, но и за оние кои се подготвуваат да добијат законски облик. На помалите општини пак, да им се овозможи поддршка преку регионална соработка во овој дел од општинските надлежности. Присутните истакнаа дека е потребно при изработката на било каква регулатива од оваа област, уште во фазата на обезбедување на нацрт-предлог, а особено при усвојувањето на законски измени и дополнувања, да се консултира ЗЕЛС, односно да се обезбеди учество на претставник од Мрежата . Тоа ќе обезбеди поголема ефикасност и практична примена на сите законски одредби на локално ниво.

На состанокот беше презентирана и апликацијата на ГИЗ за мониторинг на енергетски заштеди. Оваа обврска е преземена на национално ниво, а произлегува од енергетската заедница во која членува и РМ, при што дел од податоците за заштеди треба да бидат внесувани и на локално ниво. Оваа апликација сè уште е во фаза на тестирање и по нејзиното завршување се планираат обуки за претставниците од општините. Членовите на Мрежата истакнаа дека е потребно да се зголеми свеста за примена на енергетска ефикасност на локално ниво и го препознаа ЗЕЛС како лобист во оваа област.

energy controllers because only this way will the municipality be properly prepared to implement already stipulated legal obligations and those to be drafted. Smaller municipalities, on the other hand, should be supported via regional cooperation in this section of municipal competencies. The participants highlighted the need to draft a regulation in this field during the very phase of preparing a draft-proposal, and particularly to consult ZELS when adopting law amendments and supplements so as to ensure attendance of a representative from the Network. This will bring greater efficiency and practical enforcement of all legal provisions at local level.

The GIZ application for monitoring energy savings was also presented at this meeting. This obligation is undertaken at national level and derives from the Energy Community, where RM is a member. Here, part of data on savings will be entailed at local level. The application is still being tested and after its completion, trainings for municipal representatives are planned. The Network Members pointed out the need to raise the awareness of applying energy efficiency at local level and recognized ZELS as a lobbyist in this field.

## ОБУКА ЗА ПОСТАПКИТЕ ОКОЛУ ШТЕТНИТЕ ЕМИСИИ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Членовите на Мрежата за животна средина на ЗЕЛС, на 27 јуни, 2014г, во ЗЕЛС Тренинг ценатрот – ЗТЦ, учествуваа на обука за Законски измени, надзор, постапување, управна постапка, мониторинг и обврска за мерење на емисии во животната средина. Обуката беше реализирана со цел адекватна примена на веќе инкорпорираните законските измени, како и запознавање на претставниците од локалната власт, со подготовката на измени во делот на инспекцискиот надзор и водењето на управна постапка. Присутните имаа можност да дискутираат со претставниците од Министерството за животна средина и просторно планирање и Државниот инспекторат за животна средина, за постапките што ги спроведува Комисијата за одлучување во управна постапка (прекршочна комисија и комисија за посредување), за законски измени и надзори во единиците на локалната самоуправа во 2014, за измените во Законот за инспекциски надзор, за управната постапка од областа на заштита на животната средина, за акредитирани лаборатории, лиценцираните постапувачи со отпад и други теми. Исто така, беа претставени и двата проекта, финансирани од ИПА фондовите, кои се однесуваат на имплементација на законодавството во животната средина на централно и на локално ниво, со посебен осврт на воздух, води и ИСКЗ режимот.

Присутните беа информирани за предлог- измените во делот на прекршочната постапка, каде, меѓу другото, се предвидува, ова одделение што е сега во Министерството, да биде префрлено во Државниот инспекторат за животна средина. Исто така, беше потенцирано дека Комисијата при Министерството за животна средина, која постапување по предметите од втор степен, од 1 јули, 2014 година ќе биде под ингеренции на МИОА. Членовите на Мрежата за животна средина на ЗЕЛС посочија повеќе предизвици со кои се соочуваат во практиката, при што ја истакнаа потребата од обезбедување на референтни лаборатории за испитување на супстанците на загадување, со цел обезбедување на квалитетни податоци од мерењата на концентрациите на загадувачките материи. Присутните ја истакнаа потребата на општините, од зајакнување на човечките ресурси во одделенијата за животна средина.



## TRAINING FOR PROCEEDINGS FOR HARMFUL EMISSIONS IN THE ENVIRONMENT

The Members of the Network of Environment of ZELS took part at a training on 27th of June 2014 within the ZELS Training Centre premises – ZTC referring to the Legal amendments, surveillance, proceedings, administrative procedure, monitoring and obligation for measurement of emissions in the environment. The training was delivered with aim to appropriately enforce already incorporated law amendments thereby familiarizing local self-government representatives with the drafting of amendments for inspection monitoring and management of the administrative procedure. The participants had the opportunity to discuss with the representatives of the Ministry of Environment and Spatial Planning and the State Inspectorate of Environment about the proceedings conducted by the Decision-Making Commission in Administrative Procedure (misdemeanor commission and mediation commission), including law amendments and surveillance in local self-government units in 2014, amendments to the Law on Inspection Monitoring, the administrative procedure in environmental protection, accredited laboratories, licensed waste management people and other topics.

Also, two projects were presented, as financed by the IPA Funds, which referred to the implementation of legislation in the environment at both central and local level, and air management, by the IPPC regime. The attendants got informed about draft-amendments in misdemeanor proceedings, where is envisioned re-location of this Department from the Ministry to the State Inspectorate for Environment. Also, it was highlighted that the Commission within the Ministry of Environment, which acts upon second-instance subjects, will fall under the responsibility of the Ministry of Information Society and Administration as of 1st of July 2014. The Members of the Network of Environment of ZELS pointed out the challenges they face in practice, the need of providing referent laboratories for examination of pollution substances with aim to ensure qualitative data from measurements of concentrations of pollution substances. The attendants emphasized the need for municipalities to strengthen the human resources' capacities within the departments of environment.








## ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЗЕЛС

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
contact@zels.org.mk , www.zels.org.mk

## ASSOCIATION OF THE UNITS OF LOCAL SELF-GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA - ZELS

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
st. Kopenhagenska 5, P.O. box 32, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
contact@zels.org.mk ,  www.zels.org.mk